# ЗАКОН ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

**Службен весник на РМ, бр. 81 од 07.07.2008 година**

**Член 1**

Се основа Универзитет за информатички технологии (во натамошниот текст: Универзитет), како највисока автономна високообразовна и научна установа, со следниве единици во негов состав:

1. Факултет за компјутерски науки и инженерство;
2. Факултет за мрежни и комуникациски технологии;
3. Факултет за роботика;
4. Факултет за технологии на информатичко општество;
5. Институт за применети науки и технологии;
6. Институт за базични истражувања;
7. Факултет за медиумски технологии;
8. Факултет за информациони системи и сервиси и
9. Факултет за биомединцинско инженерство.

**Член 2**

Универзитетот преку единиците во својот состав ќе врши високообразовна дејност како додипломски, постдипломски и докторски студии, како и научно-истражувачка дејност во областите на информатичките технологии, во согласност со Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/2008).

**Член 3**

Универзитетот има својство на правно лице.
Седиштето на Универзитетот е во Скопје.

**Член 4**

Факултетите од членот 1 на овој закон под точките 1, 2, 4, 5 и 6, ќе почнат со работа од учебната 2008/2009 година, по целосното спроведување на постапката за основање утврдена со Законот за високото образование.
Факултетите од членот 1 на овој закон под точките 3, 7, 8 и 9 ќе почнат со работа од учебната 2010/2011 година, по целосното спроведување на постапката за основање утврдена со Законот за високото образование.

**Член 5**

Подготовките за почеток со работа на Универзитетот ќе ги врши матична комисија.
Членовите на матичната комисија ги именува Владата на Република Македонија, на предлог на министерот надлежен за работите на високото образование, најдоцна во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Средствата за финансирање на дејноста на Универзитетот ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од други извори определени со закон.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.